# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА 2016

# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

## WITSA награда за проектот „Паметен град“

Македонски Телеком доби престижна награда за проектот „Паметен град“ (Smart City) од Светската алијанса за информациони технологии и услуги - WITSA. Високото признание на светско ниво е врачено на свечена церемонија во рамките на Светскиот конгрес за информатичка технологија којшто се одржа во градот Бразилија (Бразил) од 03 до 05 октомври.




Наградата за проектот „Паметен град“ Македонски Телеком е добиена во категоријата Решение за одржлив раст или Sustainable growth. Во оваа категорија беа номинирани решенија кои промовираат одржлив економски раст, којшто се дефинира како способност за подобрување на финансиската и социјалната состојба во државата. Проектот „Паметен град“ се номинираше за овогодинешните WITSA награди, како едно од петте победнички решенија на локалниот натпревар којшто го организираше македонската ИКТ Комора - МАСИТ.

> ДОБРАТА ИДЕЈА НЕ ПОЗНАВА ГРАНИЦИ, ТАА СЕ ВРЕДНУВА НАСЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!

Со помош на иновативниот пристап на Македонски Телеком преку проектот „Паметен град“ се имплементираше современ интегриран систем за автоматска локација на возилата и електронска наплата во јавниот градски превоз, со единствена централна база на податоци која овозможува следење во реално време на сообраќајната мрежа и движењето на патниците, како и контрола и регулација на транспортната услуга. Станува збор за прв проект со којшто Македонски Телеком ја започна трансформацијата на Скопје во модерен и паметен град, по примерот на светските метрополи. На тој начин се унапреди квалитетот на јавниот сообраќај, обезбеден е побрз и поефикасен превоз за граѓаните и туристите во главниот град, зголемувајќи ја при тоа атрактивноста на јавниот превоз на долг рок. „Паметен град“ не претставува само проект за подобрување на квалитетот на автобуски превоз, туку почеток на ера на Интернет на нештата во Македонија.

Водени од нашиот иновативен дух ја трансформиравме нашата метропола во модерен и паметен град, следејќи го чекорот на големите светски метрополи. Македонски Телеком цврсто верува во новата, растечка ера на паметна поврзана технологија која што е во ставена во функција на модерниот град на живеење. Потенцијалите за паметен град се големи, а ние и натаму ќе бидеме фокусирани на ставање на модерната технологија во унапредување на нашето живеење. Затоа наградата добиена на Светскиот конгрес WITSA претставува потврда дека се движиме во вистинска насока.

Светската алијанса за информатичка технологија и услуги (WITSA), водечки конзорциум на членовите на Здружението од ИКТ индустријата од над 80 земји ширум светот е основана во 1978 година. Членовите на WITSA претставуваат повеќе од 90 проценти од светскиот ИКТ пазар. На WITSA конгресот, којшто се одржува на секои две години, се доделуваат ИКТ награди на организации кои што презентираат исклучителни ИТ достигнувања на глобално ниво.

## Телеком продавницата во ГТЦ повторно со награда

Телеком продавницата во ГТЦ во Скопје по втор пат доби награда за најдобар трговски објект. Оваа продавница одговори на сите високи критериуми на тајните купувачи од агенцијата на Град Скопје и SWOT Research и го освои првото место во категоријата „Компјутерска, аудио, аудио - видео и телекомуникациска опрема”.



Оваа награда е признание за досегашниот труд и одличен однос на целиот тим кон корисниците. Признанието дојде во вистински момент како круна на напорите во остварувањето на зацртаните компаниски цели за 2016 година. Тимот од Телеком продавницата во ГТЦ, заедно со претпоставените и колегите од Маркетинг, со исклучителна посветеност придонесоа за успехот на продавницата. Наградата, секако претставува поттик

> ЗАДОВОЛСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ Е НАШАТА НАЈГОЛЕМАТА НАГРАДА

целиот тим да продолжи со добрата работа, но воедно е мотив и следната година да се зачува првото место.

Македонски Телеком како кориснички ориентирана компанија постојано го подобрува своето портфолио, коешто пак, е креирано токму од потребите и барањата на корисниците кои знаат што сакаат и не прават никакви компромиси.

Се разбира, покрај одличното портфолио и иновативните услуги и решенија, дефинитивно, она што нè издвојува од конкуренцијата се извонредните односи кои ги имаме со нашите корисници. Салонот во ГТЦ изгледа речиси беспрекорно, опремен со најнова технологија за која се задолжени голем број колеги, коишто исто така со својата позадинска работа даваат огромен придонес сè да функционира во најдобар ред.

